Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 19.05.2023

На 18.05.2023, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода М.М. (35) и Г.Н.(36), двајцата од Кавадарци. Околу 19.10 часот бил забележан Г.Н. како со патничко возило „форд" влегува во дворот на М.М. и како разменуваат нешто, а откако излегол од дворот, на улица „7 Септември" бил извршен преглед во возилото и бил пронајден героин. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на М.М., при што биле пронајдени и одземени амфетамин, героин, марихуана, дигитална вага и пари во различни апени. Двајцата биле приведени во Полициската станица Кавадарци и по целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесена соодветна пријава.

На 18.05.2023 полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода Р.Н.(45) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Црвена застава" калибар 7.65 мм и 50 куршуми калибар 7.65 мм за кои не поседувал дозвола. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.05.2023 околу 08.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода С.Ќ.(25) и Е.Ќ.(28), двајцата од Прилеп. Тие се сомничат дека на подрачјето на Кичево биле инволвирани во одземање на возило, казиново по член 242 од Кривичниот законик и во други тешки кражби. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) до Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција – Скопје, поднесе кривична пријава против Х.Р., вработен како полициски службеник во полициска станица на подрачје на СВР Охрид, поради постоење основи на сомневање дека сторил кривично дело „малтретирање во вршење на службата", по член 143 став 1 од Кривичниот законик. Имено, пријавениот на 13.05.2023, околу 20.00 часот во Спортската сала „Билјанини извори" во Охрид по завршување на ракометен натпревар, при вршење на службата со умисла извршил малтретирање врз оштетениот Ф.Т. на начин што неосновано и прекумерно употребил средства за присилба врз него. ОВККИПС, како овлален предлагач, против Х.Р. ќе покрене постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а работникот ќе бидат суспендиран од работа до завршување на дисциплинската постапка.

На 18.05.2023 околу 22.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го приведе 23-годишниот З.Х. од гостиварско Дебреше. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 18.05.2023 часот пред угостителски објект на брана „Градче", кочанско, полициски службеници од ОВР Кочани ги лишиле слобода Д.П.(19) од Кочани и А.Ц.(19) од Злетово, затоа што при преглед кај нив, кај Д.П. била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.05.2023 околу 14.00 часот од хотел во Струга, полициски службеници од ОВР Струга го привеле А.Х.Д.М.(35) од Холандија, затоа што претходно остварил илегален влез во државата. Тој бил предаден на полициски службеници за прекуграничен криминал и имигрции при Регионалниот центар за гранични работи Запад. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (18.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 259 возачи. Од нив 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 155 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 104 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 178 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 61 санкција, 12 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за непропишно престројување. Изречени се три мерки за возење под дејство на алкохол, три санкции минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Вчера (18.05.2023), во периодот од 14.00 до 20.00 часот, на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 77 возачи од кои (17 - Прилеп, 27 - Битола, 9 - Ресен и 24 - Македонски Брод). Од вкупно 77 возачи, 39 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 38 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 18.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 2 во населено место и 11 надвор од населено место. Санкционирани биле и 10 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило, 2 за недавање пречество на минување на пешаци и 1 за некористење сигурносен појас.

Во текот на изминатата вечер (18/19.05.2023), во периодот од 23.00 до 05.00 часот, на територија на град Битола спроведена е локална акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 17 алкохолизирани возачи, кои се веднаш исклучени од сообраќај. За време на контролата биле санкционирани и 8 други видови прекршоци.

На 18.05.2023 околу 15.10 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Штип-с.Кадрифаково, во близина на надвозник за с.К.Дол, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген" со велешки регистарски ознаки, управувано од С.В.(52), патничко возило „фиат" со светиниколски регистарски ознаки, управувано од Л.Х.(51), двајцата од с.Мустафино, светиниколско и патничко возило „опел" со светиниколски регистарски ознаки, управувано од И.Д.(38) од с.Анзибегово, светиниколско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на „опел", И.Д., додека со телесни повреди се здобиле возачот на „фиат", Л.Х., сопатникот од возилото „опел", Б.С.(24) и Ф.Х.(26), двајцата од Свети Николе и сопатникот од возилото „фолксваген", Д.П.(34) од Велес, констатирани во Клиничката болница Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип.

На 18.05.2023 во 20.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Е.Т.(43) од Скопје пријавила дека на ул.„Жегљане" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 19.05.2023 во 01.15 часот во Полициската станица Гази Баба, А.Д.(19) од Скопје пријавил дека на ул.„Душан Тасковиќ" бил каснат од куче скитник.

Денеска (19.05.2023) полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за економски криминал и корупција во заедничка координирана акција со царински службеници од Сектор за контрола и истраги при Царинската управа, Управата за јавни приходи и Државниот пазарен инспекторат на повеќе локации во Скопје спроведоа мерки и активности против криумчарење на акцизна стока и избегнување на давачки за продажба на режан тутун и производи од тутун без акциза и платени давачки. За време на контролата е констатирано дека во продажен објект, сопственост на Џ.А., пронајдени се и одземени 90 килограми режан тутун, избегнувајќи плаќање на акциза во износ од 193.500 денари. Покрај ова констатирано е дека објектот нема регистрирано правно лице, за што ќе следи глоба од Државен пазарен инспекторат. На тезга на влез на пазар, сопственост на У.Х. пронајдени се и одземени 105 кг. тутун, при што е избегната акциза од 225.750 денари, целата стока е одземена од страна на Царинската управа, а против лицето ќе следува и глоба од пазарните инспектори, додека во возило сопственост на О.И. биле пронајдени и одземени 19 килограми режан тутун, со што избегнале плаќање акциза во вкупен износ од 40.850 денари. Со денешната заедничка акција спречено е криумчарење на акцизна стока со вкупен износ на избегнати давачки кон државата над 460 илјади денари. Против лицата ќе следуваат соодветни поднесоци од надлежните институции.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.М.(72) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на 16.03.2023 на социјалната мрежа Фејсбук, објавил коментар со кој повикувал на насилство и širел говор на омраза.

На 18.05.2023 околу 13.00 часот, при вршење кражба од кругот на Јавното претпријатие „Градски гробишта" во Охрид, бил затекнат А.А.(51) од Охрид. Одземените предмети биле вратени на претпријатието, а по целосно расчистување и документирање на случајот против А.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Г.(26) од Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Во периодот од 18 до 21.11.2022, пријавениот креирал електронски адреси, користејќи лични податоци на друго лице од Македонски Брод, по што извршил електронско аплицирање за одобрување на кредити во три финансиски друштва од Скопје.

На 18.05.2023 во 14.40 часот во Полициската станица Чаир, А.Т.(34) од Скопје пријавила дека околу 10.30 часот на игралиште во основно училиште на подрачје на Бутел нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Г.Д.(21) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност" во врска со кривично дело „предизвикување општа опасност". На 17.03.2023 во село Митрашинци, беровско, поради нарушени односи, пријавениот предизвикал пожар во сопствената куќа во која било присутно неговото семејство, загрозувајќи ја нивната сигурност.

На 18.05.2023, И.У.(63) од Охрид во полициска станица пријавил дека на улица „Гоце Делчев" во Охрид бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.М.(31) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 04.03.2023 во Битола, пријавениот физички ја нападнал Л.С.(70) од Битола и ѝ одзел накит.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.М.(62) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „демнење" и „неизвршување на судска одлука". На 09.05.2023 во Штип, пријавениот стоел на оградата од дворното место на оштетената, со тврди предмети оштетил прозорци од куќата и упатил закани кон неа, со што постапил спротивно на донесеного судско решение.

На 18.05.2023 во 10.17 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев" бил пронајден починат Б.А.(37) од Скопје. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а увид извршила екипа од Полициската станица Кисела Вода. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одбукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Џ.С.(22) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете". Пријавената, подолг временски период го оставала своето малолетно дете без никаков надзор и грижа дома, а во повеќе наврати детето било оставено несоодветно облечено на улицата во непосредна близина на нивната куќа.

Денеска (19.05.2023) во околу 11.20 часот во двор на основно училиште на подрачје на Чаир, полициски службеници од Полициската станица Чаир лишиле од слобода малолетник од Скопје. Според пријавеното, тој претходно со закана со пиштол одзел пари од друг малолетен ученик во училиштето. Со малолетникот бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.05.2023 во 02.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Фуштанска" настанал пожар во патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Н.(41) од Скопје. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Е.И.(63) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 21.06.2022 на објава на порталот на социјалната мрежа Фејсбук, пријавениот напишал коментар со кој поттикнувал насилство и омраза.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Ј.Б.(48) од Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „производство и дистрибуција на детска порнографија". На 01.02.2022, пријавениот креирал лажен профил со женско име и презиме на социјалната мрежа Фејсбук и на малолетничка и испраќал фотографии со експлицитна содржина.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет